# Разновидност на формите за вклучување на родителите/семејството



ЕУ со ТЕБЕ

Сите сме важни!

## Зошто е важна вклученоста на семејството?

Како родители, вие играте клучна улога во животот на вашето дете уште од моментот на раѓање. Во предучилишните години, вашето влијание останува длабоко и може значително да влијае на растот, развојот и подготвеноста на вашето дете за возбудливото патување во образованието.

Предучилишната возраст е време на истражување, учење и социјализација за вашето дете. Тоа е период кога децата почнуваат да ги развиваат основните вештини и ставови кои ќе ја обликуваат нивната академска и лична иднина. Вашата вклученост во оваа фаза може да направи голема разлика.



## 1 Емоционален развој:

Со вклучувањето во предучилишното искуство на вашето дете, му обезбедувате чувство на сигурност и емоционална поддршка. Ова му помага да изгради самодоверба и да формира позитивни односи и со врсниците и со наставниците.

## 2 Когнитивен развој:

Вашето активно учество во образованието на вашето дете ја поттикнува неговата љубопитност и љубовта кон учењето. Вие станувате извор на инспирација, поттикнувајќи го нивниот интелектуален раст.

## 3 Социјален развој:

Интеракцијата со другите деца, соработката и разбирањето на динамиката на односите се основни вештини за детето од предучилишна возраст. Вашата вклученост ја зајакнува важноста на овие социјални вештини.

## 4 Развој на јазикот:

Разговорите, читањето и раскажувањето приказни дома се составен дел од јазичниот развој на вашето дете. Силната јазична основа ги поставува темелите за иден академски успех.

Но, исто така, вашето активно вклучување во предучилишното патување на вашето дете ги надминува академските граници. Тоа претставува можност да се изградат силни, позитивни односи во образовната заедница. Воспоставувањето врски со воспитувачите, персоналот и со другите родители создава вреден систем за поддршка. Можете да разменувате идеи, да барате совети и да споделувате искуства. Присуството во предучилишната установа ви помага да ја разберете нејзината околина, политиките и очекувањата. Ова знаење е корисно кога го насочувате однесувањето на вашето дете и академскиот напредок. Активното вклучување ви дава платформа да се залагате за потребите на вашето дете и да придонесете за подобрување на програмите и капацитетите на предучилишната установа.

## Различни форми на вклученост на родителите

Вклучувањето на родителите во предучилишните установи доаѓа во разни форми, а секоја од нив нуди единствени можности за вас да се вклучите во образовното искуство на вашето дете.

Не секогаш е лесно да се поедностави што точно претставува вклученоста на родителите. Тоа не може да се направи ако не се земат предвид постојните образовни политики, институционалната мрежа и внатрешната динамика, но исто така и (не)достапноста, структурата и културолошката основа на семејствата.
Сепак, она што можеме да го направиме е да земеме предвид дека вклученоста на родителите во работата на градинката мора да опфаќа различни нивоа на вклученост:

- **Информирање** – (на пр. известување за тековни настани, процедури, дневни извештаи и контакт со родители);
- **Консултации** – (на пр. разговори со родителите за секакви ситуации, а не само за проблематичните);
- **Заедничко одлучување** – (на пр. состанок со родители, групи за дискусија, родителски совет...);
- **Заеднички активности** – (на пр. групни активности на родители, доброволни активности во градинка, заеднички активности во локалната заедница).

## Или можете да размислувате во смисла на разни активности:

### Дневен контакт

Родителите и воспитувачите мора да разменуваат информации со семејствата секој ден, од првиот ден на престојот на детето. Развијте стратегии (огласна табла, тетратка/дневник за дома-училиште, групи на Вибер,) внатрешна организација на пренос на информации помеѓу воспитувачот во групата и тој што е задолжен за предавање на децата, кои ја олеснуваат размената кога воспитувачот не може да зборува со сите семејства. Размислете за реорганизација на ритамот на денот во согласност со потребите на семејството.



## Состаноци „еден на еден“ со родители

Избегнувајте состаноци кои се одржуваат само во случај на конфликт или само на почетокот или на крајот на учебната година. Користете ги за да се поврзете со родителите, да бидете љубопитни за животот на детето или да споделувате информации за детето и да го запознаете секое конкретно семејство. Олеснете им на родителите да ги организираат состаноците. Бидете отворени за онлајн опции за индивидуални состаноци со вработените (преку Зум, Скајп...). Доколку родителот даде согласност, состаноците може да се снимаат и да им се испратат на родителите, а снимката исто така останува во вашата архива.

## Групни состаноци

Избегнувајте го еднонасочниот модел, каде што воспитувачот е единствениот што зборува. Групните состаноци може да се користат за запознавање со родителите, пренесување информации, мапирање на потребите на родителите, планирање, поврзување на родители со слични проблеми, предизвици и слично.

## Вклучување во предучилишни групни активности

Родителите и семејствата можат да учествуваат во предучилишната установа за време на процесот на адаптација, во работилници, излети, разговори, заеднички појадок, клубови за книги, волонтирање, одење во парк, активност „поискусниот родител му помага на помалку искусниот родител“...

## Вклучување во работата на предучилишната установа и нејзината организација.

Соработка на поформално ниво преку учество во тимовите на градинката и органите на установата (совет на родители, одбор на директори).

## Вклучување во заеднички активности во локалната заедница

Поддршка или доброволно учество во активности организирани од институција или организација во локалната заедница.

## Домашни посети

На пример, посета на целата група во населбата каде што живее едно од децата (на пр. ново дете во групата), при што родителот може да биде „туристички водич" низ соседството, или посетите може да бидат советодавни и информативни за родителите во согласност со нивните потреби.

# Надминување на предизвиците

Додека вклученоста на семејството во предучилишна возраст нуди бројни придобивки, понекогаш може да претставува предизвик со кој родителите треба да се справат. Ќе ги истражиме вообичаените предизвици и ќе претставиме стратегии за нивно надминување, со што ќе се погрижиме вашето учество да остане позитивно и ефективно.

## 1 Временски ограничувања

Еден од најчестите предизвици за родителите е да најдат време за активно да се вклучат во предучилишното образование на своето дете. Еве неколку стратегии за надминување на овој предизвик:

- **Поставете приоритети:** Идентификувајте ги вашите врвни приоритети и одвојте време за оние активности што имаат најзначително влијание врз развојот на вашето дете.
- **Поставете реални цели:** Признајте дека не можете да направите сè. Поставете остварливи цели за вашето вклучување и фокусирајте се на квалитетот, наместо на квантитетот.
- **Управување со времето:** Ефикасното управување со времето може да ви помогне да го искористите најдоброто од вашето расположливо време. Направете распоред кој ги балансира работата, семејството и вклученоста во предучилишната установа на вашето дете.

## 2 Јазични бариери

Ако се соочувате со јазични бариери кои го попречуваат вашето вклучување, размислете за овие решенија:

- **Повеќејазични ресурси:** Побарајте материјали и ресурси на повеќе јазици, кои можат да ви помогнат да останете информирани и ангажирани во образованието на вашето дете.
- **Часови по јазик:** Размислете да се запишете на часови по јазик за да ги подобрите вашите комуникациски вештини и да изградите посилни врски со училишната заедница.

## 3 Срамежливост и анксиозност

Некои родители може да се чувствуваат анксиозни или срамежливи за да учествуваат во активностите на градиката. Еве како да ги надминете овие емоции:

- **Започнете со малку:** Започнете со помалку застрашувачки активности за вклучување, како што се посета на предучилишни настани или волонтирање на кратки периоди.
- **Поврзете се со други родители:** Градењето односи со други родители може да ви помогне во намалувањето на чувствата на срамежливост и анксиозност. Споделете ги вашите искуства и учете од другите.
- **Побарајте поддршка:** Ако анксиозноста или срамежливоста ви претставуваат сериозна препрека, размислете да побарате поддршка од советник или терапевт, кој може да ви помогне да се справите и да управувате со овие чувства.

## 4 Стратегии за надминување на предизвиците

- **Соработка:** Здружете се со други родители за да ги споделите одговорностите. Заедничките напори може да го направат вклучувањето полесно за управување.
- **Останете информирани:** Редовно проверувајте ги училишните билтени, веб-страниците или порталите за да бидете во тек со ажурирањата и информациите за родителите. Ова може да ви помогне да останете поврзани дури и кога имате ограничено време.
- **Комуницирајте со воспитувачите од предучилишната установа:** Отворената и искрена комуникација со воспитувачот на вашето дете е од суштинско значење. Ако се соочувате со предизвици, разговарајте за нив со воспитувачот и побарајте совет од него.

Можете да го направите вашето вклучување во предучилишното образование на вашето дете позитивно и ефективно искуство. Од вашето активно учество има корист не само вашето дете туку и целата училишна заедница. Во следните поглавја ќе споделиме успешни приказни и дополнителни ресурси за понатамошна поддршка на вашиот пат за вклучување.



Забелешка: Содржината на оваа брошура е единствено одговорност на Архидата с.р.л. и на нејзините партнери во конзорциумот и на никој начин не може да се смета дека ги отсликува гледиштата на Европската Унија.

Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа

Проектот е финансиран од Европската Унија

ARCHIDATA EUROPEAN INTEGRATION MANAGEMENT ALDIA Persone per le persone CONSORZIO NAZIONALE cgm

Проект што го спроведува Архидата и нејзините партнери